МЦМС>>
Македонски центар за меѓународна соработка
Никола Парапунов бб · П.Ф. 55 · 1060 Скопје · Република Македонија
тел. 02/3065-381 · факс 02/3065-298 · е-пошта mcms@mcms.org.mk

# *УПАТСТВО ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ*

## Извадок

МЦМС ја спроведува програмата Локален развој на заедниците (ЛРЗ) која има за цел поттикнување на локалниот развој на рурални и маргинализирани заедници преку зголемена партиципација и организациско јакнење.

Со програмата се опфатени 13 фокус општини: Долнени, Могила, Карбинци, Лозово, Старо Нагоричане, Сарај, Јегуновце, Велес и Прилеп, Желино, Чашка, Теарце и Конче.

Модернизација на услугите на локалните самоуправи е една од компонентите на проектот градење на капацитети и модернизација на локалната самоуправа.

Модернизацијата на услугите на локалните самоуправи е еден од главните предуслови за зголемување на задоволството на граѓаните од локалната администрација, а со самото тоа и придонес кон одржливиот развој на локалните заедници.

За таа цел во рамките на проектот „Градење на капацитети и модернизација на локалната самоуправа“ се предвидува поддршка на активности на локалните самоуправи за модернизација на услугите. На тој начин се има за цел да се придонесе кон градење и јакнење на институционалниот капацитет на општините и зголемување на чувството на сопственост за подобрување на квалитетот на сопствените услуги.

Ова од една страна ќе ја зголеми довербата на граѓаните во локалните власти, но од друга страна ќе ги поттикне активностите на локалните самоуправи за да овозможат подобрување и модернизација на услугите во општините.

Упатството за пријавување за финансиска поддршка има за цел да ги запознае апликантите со условите за аплицирање, критериумите и постапката на селектирање за истите, како и со потребните документи кои треба да се доставаат заедно со апликацијата.

## Опис и цели на финансиската поддршка

Финансиската поддршка е наменета за проекти на локалните самоуправи за модернизација на услугите преку градење на човечките и институционалните капацитети, и има за цел модернизација на услугите во локалните самоуправи со што ќе се придонесе кон подобрување на постојните и развој на нови услуги на локалната администрација.

Со проектот е предвидено поддршка на проектни идеи кои се однесуваат на подобрување и модернизацијата на општинските услугите и содржат:

- Градење на човечките капацитети на локалната администрација за подобрени услуги,
- Развој/набавка на софтвери и оформување на бази на податоци,
- Унапредување на општинските е-услуги,
- Примена на нови процедури со цел поедноставени постапки во испорака на услуги,
- Подобрен дизајн и квалитет на услугите,
- Подобрен пристап до фондови. Релевантни за поддршка ќе бидат и проекти со горенаведените цели и карактеристики кои се поддржани од други донатори за кои општините можат да побараат кофинансирање од МЦМС со цел да го прикажат како сопствено учество.

Со проектот не е предвидена поддршката на активности за набавка, изградба и реновирање на инфраструктурни објекти или набавка и реновирање на основни сретства за работа и канцелариска опрема.

**Кој може да аплицира**

Огласот е ограничен и е упатен до 13те фокус општини во рамките на програмата Локален развој на заедниците (ЛРЗ): Долнени, Могила, Карбинци, Лозово, Сарај, Јегуновце, Старо Нагоричане, Велес, Прилеп, Желино, Чашка, Теарце и Конче.

Право да аплицираат имаат овие 13 фокус општини.

Основен **предуслов** за аплицирање е временската рамка.

**Општините писмено ќе се обврзат дека имаат капацитет да ги реализираат активностите во согласност со зададените рокови до 15 јуни 2009 год.**

**Постапка за избор и начин на селекција**

Секоја од тринаесетте фокус општини ќе може да аплицира со повеќе различни апликации/проекти. Секоја општина ќе биде поддржана само за еден проект. Селекцијата ќе ја направи трочлена комисија од МЦМС.

Во тековната година ќе бидат поддржани 5 општини кои имаат освоено најголем број на поени при селекцијата. Во случај да после изборот на петте прворангирани проекти останат доволно финансиски средства комисијата може да одлучи да се поддржат проектите на следно рангираните проекти по редослед.

Сите општини ќе бидат известени за резултатите.

**Критериуми за селекција**

Критериумите за селекција ќе опфатат неколку аспекти:

| | |
|---|---|
| 1. Квалитетот на апликацијата | 20 % |
| 2. Предложениот пристап за модернизација на услугите | 30 % |
| 3. Сопствено учество | 25 % |
| 4. Одржливост | 15 % |
| 5. Предожениот буџет | 10 % |

**Сет за аплицирање**

Апликантот **задолжително** треба да ги достави:

- Писмо за пријава за огласот,
- Предлог проект,
- Писмо со кое се обврзува на исполнување на сопственото учество и предвидените рокови.

Сите три документи треба задолжително да бидат потпишани од одговорно лице и заверени со печат на општината.

**Финансиски услови**

Општините може да аплицираат до МЦМС за финансиската поддршка на проектни идеи за модернизација на услугите  во максимален износ од 100,000.00 МКД по општина. Општините треба да го обезбедат сопствено учество од минимум 30,000.00 МКД.

**Рок за аплицирање**

Комплетната пријава треба да се достави во просториите на МЦМС, по пошта или на е-маил, **најдоцна до 28.04.2009 год. до 16:00 часот**, на:

Адреса: Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)
ул. Никола Парапунов б.б. П.Фах 55, 1060 Скопје.
Е-маил: mkl@mcms.org.mk

Лице за контакт: Миодраг Колиќ, тел.(02)3065-381 локал 122; е-маил: mkl@mcms.org.mk.